РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
"СОВЕТ НА ОПШТИНА"
Бр. 0802 - 287
20.11.2026 год.
СВЕТИ НИКОЛЕ

Совет на Општина Свети Николе
Плоштад Илинден бр. 12, 2220 Свети Николе
тел:+ 389 32 444 169 факс: + 389 32 440 911
e-mail: info@svetinikole.gov.mk
www.svetinikole.gov.mk

Врз основа на член 11 од Одлуката за востановување на општински признанија и награди бр. 0801-563 од 13.11.2015 година („Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 15/15) и член 2 од Правилникот за начинот, условите, критериумите и постапката за доделување на признанија и награди на Општина Свети Николе бр. 0801-177 од 27.02.2026 година, Одборот за доделување на општински признанија и награди покренува:

ЈАВНА ИНИЦИЈАТИВА за прибирање на пријави со предлози за доделување на плакети, признанија, благодарници и спомен-плакети – Патрон на градот „Свети Николај" за 2026 година

Во чест на празникот „Свети Николај", Патрон на градот Свети Николе, Одборот за доделување на општински признанија и награди распишува Јавна иницијатива за прибирање пријави со предлози за доделување на општински признанија и награди за 2026 година, во следните категории:

1. **ПЛАКЕТИ**. Се доделуваат на физички и правни лица за значајни остварувања и постигнувања во вкупниот општествен развој, унапредувањето на локалната самоуправа во Општина Свети Николе, заштитата и унапредувањето на животната средина, како и во други области на животот и трудот што претставуваат посебен придонес за вкупниот напредок и афирмација на Општина Свети Николе во изминатиот период.

2. **ПРИЗНАНИЈА.** се доделуваат на физички и правни лица за значајни остварувања и постигнувања во развојот на локалната демократија, стопанството, науката, и уметноста, придонес во културата, спортот, здравството, воспитувањето и образованието, како и во другите области на трудот и творештвото од значење за развојот на Општината и нејзина афирмација во Република Македонија и во светот во изминатиот период од една година до завршување на јавната иницијатива.

3. **БЛАГОДАРНИЦИ** се доделуваат на физички и правни лица за успешно остварени активности и заеднички ангажирања во извршувањето на планови, проекти и други активности од значење за Општината во изминатиот период од една година до завршување на Јавната иницијатива.

4. **СПОМЕН ПЛАКЕТА** се доделува на поединци постхумно, како признание за особени постигнувања во развојот на демократијата и во поттикнувањето на општествениот развој.

5. НАЈДОБАР ПРОСВЕТЕН РАБОТНИК И НАЈДОБАР УЧЕНИК

Се информираат основните и средните училишта на територијата на Општина Свети Николе за доставување номинации за признанијата и наградите во сферата на образованието:

- Најдобар просветен работник;
- Најдобар ученик за завршената учебна година.

Основните и средните училишта за оваа цел формираат свои интерни комисии кои ги утврдуваат критериумите за оценување на кандидатите, ги разгледуваат постигнувањата и резултатите и изготвуваат ранг-листа со приоритетен редослед и бодување на кандидатите за секоја категорија.

Ранг-листата, донесената одлука и образложението за предложените кандидати се доставуваат до Одборот за доделување на општински признанија и награди во рокот утврден со оваа Јавна иницијатива.

6. ЛИКОВЕН И ЛИТЕРАТУРЕН КОНКУРС ЗА УЧЕНИЦИ

Се информираат основните и средните училишта на територијата на Општина Свети Николе за спроведување на ликовен и литературен конкурс за учениците од нивните училишта.

Врз основа на оваа Јавна иницијатива, училиштата спроведуваат постапка за учество на учениците преку организирање на ликовни и литературни работилници, и тоа:

- **Литературни работилници** – во координација со ОУ Дом на културата;
- **Ликовни работилници** – во координација со ОУ Народен музеј.

Конкурсот е отворен за сите ученици од основните и средните училишта, без ограничување.

Во рамки на ликовниот и литературниот конкурс за учениците од основните училишта, учеството и вреднувањето се вршат во две посебни подкатегории:

- Прва подкатегорија – ученици од I до V одделение;
- Втора подкатегорија – ученици од VI до IX одделение.

Постапката за учениците од средните училишта се спроведува одделно, согласно утврдените категории и критериуми.

ОУ Домот на културата и ОУ Народниот музеј, во соработка со основните и средните училишта, обезбедуваат координатори за реализација на работилниците, ги утврдуваат условите, правилата и термините за нивно одржување и обезбедуваат еднакви услови за учество на сите пријавени ученици.

Училиштата во меѓусебна координација формираат заеднички комисии, посебно за основните и посебно за средните училишта, и тоа посебна комисија за ликовниот и посебна комисија за литературниот конкурс.

Комисиите учествуваат во координацијата со организаторите на работилниците, ги разгледуваат пристигнатите творби, вршат вреднување согласно однапред утврдени критериуми и доставуваат образложен извештај со предлог за прво, второ и трето место до Одборот за доделување на општински признанија и награди.

Ликовните и литературните творби задолжително се изработуваат исклучиво за време на организираните работилници, во присуство на координатор и/или член на комисијата. Не е дозволена претходна или дополнителна доработка на творбите надвор од работилниците, ниту помош или влијание од родители, наставници, ментори или други лица при нивната изработка.

За секоја категорија и подкатегорија се врши посебно вреднување и се предлагаат посебни награди за прво, второ и трето место, согласно утврдените критериуми.

7. НАЈДОБРИ ВРАБОТЕНИ – ОД ИНСТИТУЦИИ ОД ЈАВЕН СЕКТОР КОИ ВРШАТ ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

Се повикуваат јавните установи, институциите и организациите кои вршат јавни дејности и услуги на територијата на Општина Свети Николе да достават предлози за доделување на признание на најдобри вработени од институции од јавниот сектор.

Категоријата опфаќа вработени од јавни установи, институции и организации кои директно вршат услуги кон граѓаните од својата област или придонесуваат за нивното добро функционирање, вклучително и припадници и вработени во организации од централната власт кои вршат јавни услуги на територијата на општината во рамки на своите надлежности и во соработка со Општина Свети Николе.

Секоја јавна установа или организација формира интерна комисија за оценување на своите кандидати и доставува предлог до Одборот за доделување на општински признанија и награди.

При изборот на кандидатите се земаат предвид следните критериуми:

1. Професионалност и посветеност во давањето и вршењето на јавните услуги;
2. Иницијатива за подобрување на услугата и иновации во работата;
3. Однос кон граѓаните – љубезност, професионализам и пристапност;
4. Тимска соработка, одговорност и етика;
5. Долгорочна посветеност, искуство или специфичен подвиг и резултат.

8. КОЈ МОЖЕ ДА ДОСТАВИ ПРЕДЛОГ

Предлози за доделување на погоре наведените општински признанија и награди можат да достават установи, трговски друштва, здруженија на граѓани, спортски клубови, граѓани, како и други домашни и странски физички и правни лица.

Предлозите треба да содржат:

- Име и презиме, односно назив на предложениот кандидат;
- Кратка биографија за физичките лица, односно основни податоци за правните лица;
- Образложение за постигнувањата, резултатите и придонесот врз основа на кои се предлага доделување на признанието или наградата;
- Најмалку една препорака од релевантна институција или истакнат поединец од областа во која се предлага кандидатот, кога се работи за предлог за плакета, признание или благодарница.

За категориите од областа на образованието и јавниот сектор, предлозите се доставуваат согласно посебните постапки утврдени во точките 5, 6 и 7 од оваа Јавна иницијатива и член 2а, 2б и 2в од Правилникот.

Предлозите треба да бидат потпишани од овластено лице, односно од предлагачот, и да содржат податоци за контакт (телефон, адреса и електронска адреса).

9. НАЧИН И РОК НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРЕДЛОЗИТЕ

Јавната иницијатива ќе биде објавена на веб-страницата, огласната табла и во локалните медиуми, како и доставена по електронски пат до училиштата и јавните установи.

Предлозите со потребната документација се доставуваат по пошта до:

Општина Свети Николе
Плоштад „Илинден“ бр. 12
2220 Свети Николе

со назнака:

„За Јавна иницијатива за прибирање на пријави со предлози за доделување на општински признанија и награди – Патрон на градот „Свети Николај“ за 2026 година“.

Предлозите можат да се достават и непосредно во Архивата на Општина Свети Николе.

Краен рок за доставување на предлозите е **30.11.2026 година (понеделник), до 15:30 часот**.

Непотполните и ненавремено доставените пријави нема да бидат предмет на разгледување.

Одборот за доделување на општински признанија и награди, по разгледувањето на пристигнатите предлози и спроведените постапки, ќе достави предлог до Советот на Општина Свети Николе за донесување одлука за доделување на општинските признанија и награди.

Датум

20.11.2026 г.

Претседател на Одборот за доделување на општински признанија и награди

Оливера Арсов